РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ЛОЗОВО
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 0401-1554/1
22.10 2024 год.
ЛОЗОВО

Врз основа на Одлука бр. 0801-1284/1од 26.08.2024 год. за распишување на ЈАВЕН КОНКУРС за стипендирање на средношколци и студенти за учебната 2024/2025 година донесена од Советот на Општина Лозово и Решение бр. 0901-2168/1 од 03.10.2022 година донесено од Градоначалникот на Општина Лозово за формирање на Комисија за селекција и избор по поднесени пријави, **Претседателот на комисијата на ден 22.10.2024 година објавува:**

# КОНКУРС

## за стипендирање на ученици и студенти за учебната 2024/2025 година

За учебната 2024/ 2025 година, Општина Лозово ќе додели:

- 2 стипендии на ученици од **II-IV** година во средно образование. Стипендијата е во висина од 2.000 денари месечно , а се исплаќа 9 (девет) месеци во годината за ученици кои потекнуваат од **семејства корисници на права од социјална заштита .**
- 2 стипендии на студенти со завршена најмалку една година од студиите во високото образование. Стипендијата е во висина од 3.000 денари месечно , а се исплаќа 9 (девет) месеци во годината за студенти кои потекнуваат од **семејства корисници на права од социјална заштита.**
- 2 стипендии на талентирани ученици од **II-IV** година во средно образование. Стипендијата е во висина од 2.000 денари месечно , а се исплаќа 9 (девет) месеци во годината .
- 2 стипендии на талентирани студенти со завршена најмалку една година од студиите во високото образование. Стипендијата е во висина од 3.000 денари месечно , а се исплаќа 9 (девет) месеци во годината.

**Потребни документи за аплицирање на конкурсот за доделување на социјални стипендии и стипендии за талентирани ученици и студенти:**

**За ученици:**

1. пријава од апликантите до комисијата.
2. свидетелство од претходна учебна година.
3. документ кој потврдува освоени награди од општински, регионални, државни и меѓународни натпревари (за претходната учебна година).
4. учества во хуманитарни акции, учества на семинари, конференции, образовни проекти, активни партиципации во НВО, благодарници и слично(за претходната учебна година).
5. препорака од предметниот наставник во која ќе наведе учеството на натпревари и освоените награди (освоени во претходната учебна година).
6. решение за остварување на право на гарантирана минимална помош (при аплицирање за социјална стипендија)
7. фотокопија од лична карта или пасош или друг документ со кој се потврдува жителството.

**За студенти:**

1. пријава од апликантите до комисијата.
2. уверение за положени испити.
3. потврда за запишана година на факултетот.
4. документ кој потврдува освоени награди на државни и меѓународни натпревари.

5. учества во хуманитарни акции, учества на семинари, конференции, образовни проекти, активни партиципации во НВО, благодарници и слично.
6. потврда за објавени стручни трудови.
7. препорака од ментор на студентот.
8. решение за остварување на право на гарантирана минимална помош(при аплицирање за социјална стипендија)
9. фотокопија од лична карта или пасош.

Бодирањето за добивање на право **<u>на стипендија за ученици и студенти кои потекнуваат од семејства корисници на права од социјална заштита ќе се одвива според следните критериуми:</u>**

-средношколци или студенти кои живеат во семејство без родители – 30 бодови

-средношколци или студенти кои живеат во семејство со еден родител- 20 бодови

- средношколци или студенти кои потекнуваат од семејства приматели на гарантирана минимална помош- 20 бодови

- средношколци или студенти кои потекнуваат од многудетно семејство (3 или повеќе деца) – 15 бодови

-успех од претходната година- 10 бодови

-ученици или студенти од иста фамилија не можат да примат две или повеќе стипендии

Бодирањето за добивање на право **<u>на стипендија за талентирани ученици и студенти ќе се одвива според следните критериуми</u>**

- **средношколци** кои освоиле награди на државни натпревари-30 бодови
- средношколци кои освоиле награди на општински натпревари-25 бодови
- средношколци кои освоиле награди на училишни натпревари -20 бодови
- средношколци со просечен успех од претходната учебна година од 5.0 -15 бодови
- средношколци со просечен успех од претходната учебна година до 4.5 -10 бодови

-**студенти** кои освоиле награда на државни или награда на меѓународни натпревари од областа на науката, техниката, културата и спортот, -35 бодови
- просечен успех од над 9.00 - 25 бодови
- просечен успех од 7.50 до 8.50-20- бодови
- учества во хуманитарни акции, учества на семинари и НВО- 15 бодови
- просечен успех до 7.00 - 5 бодови
- студенти од иста фамилија не можат да примат две или повеќе стипендии

**<u>Потребни документи за учество на конкурсот за стипендии</u>**

1. пријава од апликантите до Комисијата за стипендирање на средношколци и студенти за учебната 2024/2025 година.
2. копија од извод од матична книга на родени на апликантот
3. копија од свидетелство за завршена учебна 2023/2024
4. уверение за положени испити.

5. потврда за запишана година на факултетот.
6. потврда од член од семејството примател на гарантирана минимална помош.
7. фотокопија од лична карта или пасош.
8. да се жители на Општина Лозово и
9. да се државјани на Република Северна Македонија.

<u>Место и рок за поднесување на документите</u>

Пријавата со потребните документи се доставуваат во затворено плико со назнака „За Комисијата за стипендирање на средношколци и студенти за учебната 2024/2025 година на Советот на Општина Лозово" ул.„Маршал Тито" бб Лозово по пошта без означување на апликантот кој ја поднесува пријавата, или лично во просториите на Локалната самоуправа.

- Рокот за поднесување на документите **е од 22.10.2024 до 18.11.2024** година.
- Пријавата може да се подигне заедно со другите обрасци во Општина Лозово
- Некомплетни и ненавремено доставени документи нема да се разгледуваат.

Резултатите од конкурсот ќе бидат најдоцна до 25.11.2024 година.

Резултатите од конкурсот ќе бидат објавени на веб страната на Општина Лозово и истакнати на огласна табла во Општина Лозово.

Незадоволните кандидати можат да поднесат приговор до Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Лозово во рок од 3 (три) дена од објавувањето на резултатите.

Поблиски информации можат да се добијат во просториите на Општина Лозово или на телефонскиот број 032-458-458.

Конкурсот ќе биде објавен:

- на веб страната на Општина Лозово
- на огласна табла во Општина Лозово

22.10.2024 година

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Комисија за стипендирање на средношколци и студенти
на Советот на Општина Лозово

Убавка Дончевска

Општина Лозово
Градоначалник

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАДОНАЧАЛНИК * ОПШТИНА ЛОЗОВО

Бошко Цветковски